Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 247//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Менсур Пајазити,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот/видеото со наслов **„Колку вреди животот во Македонија“: Две години затвор за возачот кој на пешачки ја прегази и усмрти Теодора“**, објавен во рубриката хроника на онлајн медиумот Република.мк (republica.mk) на 07.04.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Колку вреди животот во Македонија“: Две години затвор за возачот кој на пешачки ја прегази и усмрти Теодора“, објавен во рубриката хроника на онлајн медиумот Република.мк (republica.mk) на 07.04.2025 година, при што се жали на неточно и нефер известување, непочитување на презумпција на невиност и заштита на сведоци, пристрасност во информирањето и незастапена втора страна и друго.
Пајазити детално наведува аргументи за жалбата и бара реакција од СЕММ, при што наведува дека веста неосновано се пренесувала и на други медиуми и портали, а новинарите не ги провериле основните факти, како оној за максималната казна и не контактирале со втората страна.

Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот) и линкот од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите во жалбата и сметаат дека таа е несонована. Во одговорот меѓу другото се наведува:
“Во однос на жалбата од Менсур Пајазити за оспорената содржина со наслов ‘Колку вреди животот во Македонија’: Две години затвор за возачот кој на пешачки ја прегази и усмрти Теодора“, објавена на интернет порталот ‘Република.мк’, на 07.04.2025 г., би сакале да ве информираме дека пред сé се работи за текст преземен од МИА. Притоа, не се согласуваме со наведените основи Презумпција на невиност и заштита на сведоци, Неточно и нефер известување, Нарушување на приватноста и Незастапена втора страна…Се работи за известување од јавно судење каде не сметаме дека не е почитувана приватноста на личност. Нема никаков сензационализам во објавата, нема никаков говор на омраза, а уште помалку дискриминација или повик за насилство. Република со пренесување на информацијата од МИА немала никаква намера да го користи медиумиот за пресметка со поединци.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Колку вреди животот во Македонија“: Две години затвор за возачот кој на пешачки ја прегази и усмрти Теодора“, објавен во рубриката хроника на онлајн медиумот Република.мк (republica.mk) на 07.04.2025 година,

отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст/видео кој е во рамките на дневно информирање за повторен судски случај поврзан со сообраќајна незгода во центарот на Тетово со смртни последици
.

Комисијата констатираше дека жалителот е во право кога дава забелешки на известувањето на медиумот од аспект на незастапена втора страна.

Во текстот за рочиштето и исходот на повтореното судење на жалителот ја има пресудата и една реченица од образложението на судот, има изјави од роднините на жртвата (татко и сестра), има и изјава од нивната адвокатка, но нема изјава ниту од страна на жалителот, ниту од неговиот адвокат.

Со оглед на тоа што случајот предизвика огромно внимание во јавноста поради изречената казна и содадениот впечаток дека таа е неправедна и ниска, Комисијата утврди дека медиумот не вложил доволно напор да обезбеди информации што би ја појасниле судската одлука. Недостигот на објаснување од релевантни извори укажува на неизбалансиран пристап, отсуство на проверка на фактите и непочитување на правото на втората страна. Ваквиот начин на известување е спротивен на членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата имаше предвид дека станува збор за пренесен текст од државната агенција МИА, во која порталот Република извршил единствено уредувачка интервенција во насловот. Сепак, фактот што редакцијата не презела дополнителни чекори за проверка на информациите или обезбедување контекст, туку само ископирала содржина од друг извор не ја исклучува етичката обврска на медиумот да се придржува до професионалните стандарди и неговата одговорност за објавеното.

Комисијата ги разгледуваше и другите наводи во жалбата, но ја прифати аргументацијата на медиумот во тие делови. Од тие причини Комисијата заклучи дека е прекршен само членот 1:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595